**МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ЕКОНОМИЈА**

**Министерството за економија, согласно Програма за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија (Сл. весник на РМ бр. 120 од 01.09.2017 год.), објавува:**

# ЈАВЕН ПОВИК
## за организирање на одмор за работници со ниски приходи

1. Согласно Програмата за поддршка на домашен туризам за работници со ниски приходи во Република Македонија („Сл. весник на Република Македонија" бр. 120 од 01.09.2017 година), Министерството за економија објави Јавен повик за организирање на одмор на работници со ниски приходи.

- Основна цел на овие проекти е да им се овозможи на лицата со ниски приходи да искористат годишен одмор, и во исто време да им се помогне на туристичките центри во зголемување на обемот на работа надвор од туристичка сезона.
- Министерството за економија ќе издава Потврда за користење на средства за организиран одмор за работници со ниски приходи, во вкупна вредност од **15.000 денари** и истата ќе се користи во еден од категоризираните угостителски објекти за сместување во Република Македонија кои ќе се пријават во Министерството за економија.

2. **Право на учество на јавниот повик** имаат сите физички лица кои се вработени и нивните **месечни примања во семејството не ги надминуваат нето приходите од 22.000,00 денари.**

- Едно лице може да поднесе само едно барање за пријавување на интерес за користење на средства за организиран одмор.

- За учество по Јавниот повик работниците со ниски приходи - баратели до Министерството за економија треба да достават:

  - Пополнет образец на барање (готов формулар);
  - Потврда од работодавецот за висината на исплатена нето плата од последните три месеци и извод од банка за последните три месеци за подносителот на барањето како и на членовите на семејството (сопруг, сопруга и деца) кои заедно со него ќе го користат одморот;
  - Фотокопија од лична карта или патна исправа за него и членовите на семејството кои заедно со него ќе го користат одморот и
  - Изјава дека барателот лично или со членовите на семејството кои се наведени во барањето ќе го користат одморот (готов формулар).

3. **Право за добивање на Потврда за одмор** имаат сите физички лица кои се вработени и нивните месечни примања во семејството не го надминуваат нето приходот од 22.000,00 денари.

   Образецот на барањето за пријавување на интерес за користење на средства за организиран одмор може да се подигне во архивата на Министерството за економија или да се обезбеди преку интернет страната на министерството: www.economy.gov.mk

   -Барањето може да се достави до архивата на Министерството за економија лично или преку пошта на адреса (Јуриј Гагарин бр. 15 Скопје)

   -За секоја Потврда, Министерството за економија ќе води евиденција за лицата кои ја користат и во кој угостителски објект за сместување ќе се искористи.

   -Барањата за добивање на Потврда ќе ги разгледува Комисијата формирана од страна на Министерот за економија.

   - Комисијата по пристигнувањето на сите барања за организиран одмор доставени за времетраењето на Јавниот оглас, со записник ќе го утврдат точниот број на пристигнати барања и ќе изготви Листа за баратели кои имаат уредна и комплетна документација која заедно со извештајот ја доставува до Министерот за економија.

- Работниците со ниски приходи-баратели кои не доставиле уредна и комплетна документација нема да бидат евидентирани во Листата на баратели.

- Листата на баратели кои доставиле уредна и комплетна документација се објавува на веб страната на Министерството за економија најдоцна седум дена од денот на утврдувањето на листата.

- На Работниците со ниски приходи-баратели кои се утврдени во Листата на баратели, Министерството за економија им издава Потврда за користење на средства за организиран одмор во износ од **15.000,00 денари.**

- Потврдата за користење на средства за организиран одмор се издава по принципот "прв дојден прв услужен".

- Потврдата за користење на средства за организиран одмор може да се користи само од работникот на кое му е издадена заедно со членовите на неговото семејство (сопруг, сопруга и деца) кои се наведени во барањето.

- Одморот ќе биде организиран во угостителските објекти за сместување во туристичките центри на Република Македонија, надвор од местото на живеење на лицето – подносителот на барањето, во период не повеќе од пет дена.

- **Надзор** над реализацијата на Проектот ќе изврши Комисија формирана од Министерот за економија.
- Јавниот повик е објавен на веб страницата на министерството за економија www.economy.gov.mk.
- Барањата со комплетна документација се доставуваат во Архивата на Министерството за економија, ул. „Јуриј Гагарин” бр. 15, Скопје до **29.09.2017 година**

**За подетални информации да се обратите на :**
**·тел:(02) 3093 536; (02) 3093 539; (02) 3093 543 ·факс: (02) 3093 540: емаил: tourism@economy.gov.mk**